Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-247/4
13.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-247/3 од 31.07.2019,г, поднесена од [redacted] од с. [redacted] – Општина Јагуновце ул. [redacted] преку [redacted] на маргинализирани заедници ,[redacted] Скопје, за сторена дискриминација врз основа на родов идентитет во пристап до здравствени услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 12.07.2021 го донесе следново.

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз [redacted] од [redacted] општина Јегуновцие врз основа на родов идентитет во пристап до здравствени услуги од страна на [redacted] ул.[redacted] Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 31.07.2019 година беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] преку [redacted] Скопје против [redacted] 1000 Скопје.

Во претставката се наведува дека врз подносителката, трансродова жена, е сторена дискриминација врз основа на родов идентитет во пристап до здравствени услуги од страна на [redacted] .1000 Скопје. Согласно наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор.

На 21.05.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-247/2со барање до [redacted] за писмено произнесување по наводите во претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Потенцијалниот дискриминатор не достави произнесување по добиената претставка и покрај тоа што на 30.06.2021 од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му беше доставена ургенција со дополнителен рок за произнесување од 8 дена. И по оваа ургенција потенцијалниот дискриминатор не достави одговор.

Согласно наводите од претставката врз [redacted], трансродова жена, била сторена дискриминација од страна на [redacted]1000 Скопје, при купување на хормонска терапија, која најчесто ја користат цис жени. [redacted] на 02.03.2019 г, отишла во аптеката „[redacted] да купи терапија, но откако и го дала рецептот на фармацевтката и бил побаран специјалистички извештај. Иако првично [redacted] одбила да го даде специјалистичкиот извештај, спомнувајќи дека за добивање на лекот е доволен само рецептот, по кратка расправија со фармацевтката го дала извештајот. Фармацевтката почнала да се однесува грубо, и со повишен тон, за потоа да почне да го чита извештајот на глас, изнесувајќи лични и приватни информации за здравствената состојба на подносителката во присуство на други лица кои влегувале во аптеката. Подносителката се почувствувала понижено и навредено, а фармацевтката во повеќе наврати и наредувала да молчи затоа што во спротивност ќе повикала обезбедување. На крај подносителката добила 3 кутии од бараниот лек иако имала рецепти за 5 кутии, по што следела дополнителна расправија која резултирала со бркање на подносителката од аптеката.

Ваквото однесување на фарммацевтката претставува директна дискриминација, дефинирана во чл. 6 и чл. 8, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација Со ова е направена повреда на чл. 2 од Правилникот за поблиските услови за начинот на пропишување и издавање или продавање на лековите, кои пропишува дека лекови кои се класифицирани како „лекови за рецепт" се издаваат во аптека, аптекарска станица и подвижна аптека, врз основа на рецепт препишан од лекар со лиценца за работа. Дополнително, прекршен е Кодексот на професионални етички должности и права на фармацефтите на Македонија, а извршена е и повреда на чл. 4 и чл. 9 од Законот за здравствена заштита.

Согласно содржината на материјалот кој е дел од претставката, аргументите и фактите фармацентката го повредила достоинството на на подносителката и не и овозможила еднаков пристап до здравствени услуги, заради нејзиниот родов идентитет што претставува директна дискриминација врз основа на родов идентитет во пристап до здравствени услути.

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

П Р Е П О Р А К А

**Се препорачува** аптеката [redacted] во иднина да и обезбеди непречен и еднаков пристап до добра и услуги на [redacted] од [redacted], без вознемирување и дискриминација по било која основа. Воедно, и се препорачува на аптеката [redacted] во иднина да им обезбеди непречен пристап до добра и услуги на сите трансродови лица. Дополнителни му се препорачува на одговорното лице

на аптеката да спроведе обука за подигање на свеста и сензибилизација на своите вработени за работа со маргинализирани категории на граѓани, вклучително и со трансродови лица.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
12.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted]